Датум: 06.08.2020г.

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**
**за Јавна расправа по Нацрт-Одлука за прогласување на дел од Осоговски Планини за заштитен предел**

Министерството за животна средина и просторно планирање ја поканува заинтересираната јавност да присуствува на јавна расправа по **Предлог актот за прогласување на дел од Осоговските планини за заштитено подрачје во категоријата V- заштитен предел.**
За подоследно вклучување на јавноста во процесот, ќе бидат организирани четири јавни расправи и тоа :

- **Во Кочани, на 18.08.2020г., во 18 часот, локација:Споменик на слободата;**
- **Во Македонска Каменица, 20.08.2020г., во 18 часот, локација:Парк пред Домот на Културата;**
- **Во Пробиштип, 25.08.2020г. , во 18 часот, локација: секундарен плоштад на амфитеатарот;**
- **Во Крива Паланка, 26.08.2020г., во 18 часот, локација: Зелениот парк во рамките на дворното место на Средното Општинско Училиште „Ѓорче Петров“ - Крива Паланка.**

Предлог актот е објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи во Република Северна Македонија (www.ener.gov.mk) и на веб страната на Министерство за животна средина и просторно планирање (www.moepp.gov.mk) за доставување на коментари, забелешки и консултации со засегнати страни. Коментари/мислења/сугестии заинтересираната јавност може да достави на: infoeko@moepp.gov.mk.

Јавните расправи ќе одржат на отворено и ќе се почитуваат протоколите за организација на јавни настани (https://vlada.mk/protokoli-koronavirus).

**Заради запазување на мерките за заштите потребно е да го потврдите Вашето учество и да наведете на која јавна расправа/и ќе присуствувате, на следната електронска адреса:** skj.mzspp@gmail.com **или кај Дијана Соколовска на: +389 76 233 020.**